Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Седумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 17 мај 2021 година

Скопје, мај 2021 година

# З А П И С Н И К
# од Седумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 мај 2021 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 19:25 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Ирена Стефоска, министер за култура и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваше и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Ејуп Рустеми, директор на ЈП за државни патишта, Миле Илиевски, директор на ЈП ХС Злетовица – Пробиштип, Кристијан Трајковски, директор на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, Хари Локвенец, директор на ЈП за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија, Бајрам Реџепи, директор на Национални енергетски ресурси АД-Скопје, Фахрудин Намиди, претседател на Управен одбор на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје и Петре Шилегов, градоначалник на Град Скопје.

На седницата не учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Мила Царовска, министер за образование и наука и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за статусот на проектите кои се финансираат преку ИПА 2 програмите во Република Северна Македонија (постапување по Нацрт-записникот од 67-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 април 2021 година)

2. Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 30.4.2021 година

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>**Точка 1**</u>

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат преку ИПА 2 програмите во Република Северна Македонија и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

Министерство за животна средина и просторно планирање

1. Во врска со точка 1 - Повеќегодишна програма за транспорт, животна средина и климатски акции - Имплементација и планирање за приближување во приоритетните области на животната средина, Министерството за животна средина и просторно планирање во текот на денешниот ден (17.5.2021 година) ја има доставено потребната документација до Министерството за финансии - Сектор за

централно финансирање и склучување на договори, со цел истата до крајот на неделата да се достави до Делегацијата на Европската Унија.

2. Во врска со точка 2 - Повеќегодишна програма за транспорт, животна средина и климатски акции - Поддршка на структурата на ИПА-ОП во планирање на проекти и управување со финансии во секторот за животна средина, се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање до 31.5.2021 година да ја достави потребната документација до Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори.

3. Во врска со точка 5 - Повеќегодишна програма за транспорт, животна средина и климатски акции - Подобрено спроведување на Директивата на ЕУ за поплави преку усогласување на националното законодавство и подготовка на планови за управување со ризици од поплави, се задолжува Министерството за финансии да ја извести Делегацијата на Европската Унија за одложувањето на овој проект, а Министерството за животна средина и просторно планирање до 31.5.2021 година да ја достави до Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори ревидираната документација за повторно објавување на тендерска постапка за овој проект.

4. Во врска со точка 10 - Повеќегодишна програма за транспорт, животна средина и климатски акции - Подготовка и ревизија на националните документи за планирање на отпад, се задолжува Секретаријатот за европски прашања до 21.5.2021 година да достави до Делегацијата на Европската Унија барање за одобрување на овој проект, а Министерството за животна средина и просторно планирање до 30.5.2021 година да ја достави до Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори тендерската документација за овој проект.

5. Во врска со точка 18 - Повеќегодишна програма за транспорт, животна средина и климатски акции - Набавка на ИТ и друга специфична опрема за мониторинг на животната средина и информациски систем, се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да даде одговор на коментарите од Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори по ревидираната документација и да ја достави ревидираната тендерска документација за овој проект до 28.5.2021 година до Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори.

6. Во врска со точка 19 - Повеќегодишна програма за транспорт, животна средина и климатски акции - Набавка на канцелариска и техничка опрема и ИКТ-софтвер за оперативната структура на МоЕРР за спроведување на SOPECA 2014-2020, се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ја достави техничката документација за овој проект до Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори до крајот на мај 2021 година.

7. Во врска со точките 36 и 37 - Повеќегодишна програма за транспорт, животна средина и климатски акции - Техничка ревизија на постојните постројки за третман

на отпадни води во Северна Македонија и Техничка ревизија за големи проекти за отпадни води, се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ја достави тендерската документација за овие проекти до Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори до 4.6.2021 година.

8. Во врска со точките 43 и 44 - Повеќегодишна програма за транспорт, животна средина и климатски акции - Изградба на централен објект за управување со отпад - Фабрика за сортирање, погон МБТ, депонија, постројка за компостирање, зелена точка за Источниот и Североисточниот Регион во Свети Николе и Изградба на шест локални објекти за управување со отпад - станици за трансфер, постројки за компостирање и зелени точки за Источен и Североисточен Регион, се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ја достави тендерската документација за овие проекти до Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори, а Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори да ја достави до Делегацијата на Европската Унија, до 30.5.2021 година.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за транспорт и врски и им препорача на соодветните општини (6) да ги изменат урбанистички планови за соодветните подрачја, до крајот на јуни 2021 година.

9. Во врска со точката 45 - Повеќегодишна програма за транспорт, животна средина и климатски акции - Супервизија на договор за градежни работи за воспоставување на интегриран и самоодржлив регионален систем за управување со отпад во источните и северо-источните региони, се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ја достави ревидираната тендерска документација за овој проект до Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори до 21.5.2021 година.

10. Во врска со точката 46 - Повеќегодишна програма за транспорт, животна средина и климатски акции - Техничка ревизија на големи проекти за отпад, се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ја достави тендерската документација за овој проект до Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори до 31.5.2021 година.

11. Во врска со точката 48 - Повеќегодишна програма за транспорт, животна средина и климатски акции - Директен грант на Министерството за финансии за под-грантовата шема во комбинација со програмата за заеми на СБ и спроведена од Министерството за животна средина и просторно планирање ПИУ, се задолжува Секретаријатот за европски прашања до 21.5.2021 година да побара од Делегацијата на Европската Унија одговор во однос на доставениот проект.

Министерството за транспорт и врски

12. Во врска со точките 53 и 54 - Повеќегодишна програма за транспорт, животна средина и климатски акции - Изградба на железничка делница од Крива Паланка - Граница со Република Бугарија и Надзор на изградба на железничка делница од Крива Паланка - Граница со Република Бугарија, се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги достави тендерските документации за овие проекти до Министерството за финансии - Секторот за централно финансирање и склучување договори до 25.5.2021 година.

13. Во врска со точките 53 и 54 - Повеќегодишна програма за транспорт, животна средина и климатски акции - Изградба на железничка делница од Крива Паланка - Граница со Република Бугарија и Надзор на изградба на железничка делница од Крива Паланка - Граница со Република Бугарија, се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Секретаријатот за европски прашања и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија до крајот на неделата да одржат состанок на кој ќе се разгледаат прашањата поврзани со подготвеноста за соработка со Европската банка и обнова и развој.

14. Во врска со точката 55 - Повеќегодишна програма за транспорт, животна средина и климатски акции - Изградба на нов експресен пат од Прилеп - мост на реката Ленишка и Изградба на трета лента на патната делница од село Беловодица - каменолом Маврово, се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта да ја достави Планската програма и спогодба со бензиската станица како основа за давање одобрение на инфраструктурен проект до Министерството за транспорт и врски до 28.5.2021 година, а Министерството за транспорт и врски да ја достави тендерската документација за овој проект до Министерството за финансии - Секторот за централно финансирање и склучување договори до крајот на јуни 2021 година.

15. Во врска со точките 57 и 58 - Повеќегодишна програма за транспорт, животна средина и климатски акции - Замена на заштитни огради според стандардите EN на автопатиштата на 100 километри на Коридорот X и Техничка помош за спроведување на проектот за замена на заштитни огради според EN стандардите за утврдени приоритетни делови долж автопатот Коридор X, се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта да ги достави тендерските документации за овие проекти до Министерството за транспорт и врски до 30.5.2021 година, а Министерството за транспорт и врски да ги достави тендерските документации за овие проекти до Министерството за финансии - Секторот за централно финансирање и склучување договори до 4.6.2021 година.

16. Во врска со точките 59 и 60 - Повеќегодишна програма за транспорт, животна средина и климатски акции - Набавка и инсталација на сигнализација на премините на ниво на железницата, и Надзор на снабдување и инсталација на сигнализација на премините на ниво на железницата, се задолжува Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија да ги

достави тендерските документации за овие проекти до Министерството за транспорт и врски до 30.5.2021 година, а Министерството за транспорт и врски да ги достави тендерските документации за овие проекти Министерството за финансии - Секторот за централно финансирање и склучување договори до 4.6.2021 година.

17. Во врска со точката 62 - Повеќегодишна програма за транспорт, животна средина и климатски акции - Техничка ревизија за главниот проект Изградба на патна делница Градско - клучка Дреново како дел од патниот коридор X-d, се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта да ја достави тендерската документација за овој проект до Министерството за транспорт и врски до 30.5.2021 година, а Министерството за транспорт и врски да ја достави тендерската документација за овој проект до Министерството за финансии - Секторот за централно финансирање и склучување договори до 4.6.2021 година.

18. Во врска со точката 63 - Повеќегодишна програма за транспорт, животна средина и климатски акции - Техничка ревизија за главниот проект Изградба на железничка делница од Крива - Паланка до граница со Република Бугарија, се задолжува Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија да ја достави тендерската документација за овој проект до Министерството за транспорт и врски до 28.6.2021 година, а Министерството за транспорт и врски да ја достави тендерската документација за овој проект до Министерството за финансии - Секторот за централно финансирање и склучување договори до 5.7.2021 година.

19. Во врска со точката 64 - Повеќегодишна програма за транспорт, животна средина и климатски акции - Изработка на план за имплементација според Националната стратегија за транспорт 2018-2030 со систем, алатки и капацитет за негово следење, се задолжува Секторот за централно финансирање и склучување договори при Министерството за финансии да ја достави тендерската документација на одобрување до Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија до 21.5.2021 година.

20. Во врска со точката 67 - Повеќегодишна програма за транспорт, животна средина и климатски акции - Техничка помош за изведување на РСИ, изработка на идеен проект и тендерска документација за изработка на проектна документација и имплементација на мерки за безбедност на патот по избрани делови на пат, се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта да ја достави тендерската документација за овој проект до Министерството за транспорт и врски најдоцна до 30.6.2021 година, по претходно спроведена анализа на пазарот, а Министерството за транспорт и врски да ја достави тендерската документација за овој проект до Министерството за финансии - Секторот за централно финансирање и склучување договори до 4.7.2021 година.

Министерството за образование и наука

21. Во врска со точката 77 - Акциска Програма 2017 - Образование, вработување и социјална политика - Набавка на опрема - Понатамошна поддршка за спроведување на Националната рамка на квалификации, се задолжува Министерството за финансии - Секторот за централно финансирање и склучување договори да ја достави тендерската документација за овој проект на одобрување до Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија до 21.5.2021 година.

Истовремено, Владата заклучи:

- Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Јавното претпријатие за државни патишта и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија најдоцна до 10.7.2021 година до Министерството за финансии - Секторот за централно финансирање и склучување договори да достават Акциски план со статус на проекти заклучно до 30.6.2021 година.

- Се задолжува Министерството за финансии - Секторот за централно финансирање и склучување договори најдоцна до 15.7.2021 година, врз основа на добиените акциски планови од претходниот заклучок, да подготват соодветен материјал што ќе се разгледа на тематска седница на Влада која би се одржала до 20.7.2021 година.

- Се задолжува Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација и Секретаријатот за европски прашања до 1.6.2021 година до Владата да предложат соодветно решение во однос на работата на комисиите за евалуација на апликациите на тендерите

## <u>Точка 2</u>

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 30.4.2021 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда - Управа за извршување на санкции, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, а се укажува на Фондот за иновации и технолошки развој, Градот Скопје, Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното

претпријатие Водовод и канализација - Скопје, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, Јавното сообраќајно претпријатие - Скопје, Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС Злетовица - Пробиштип, Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост - Скопје, Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси – НЕР АД Скопје во државна сопственост и Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, да пристапат кон подготовка и да достават до Министерството за финансии на редовна квартална основа, односно во рок од десет дена по завршување на кварталот Акциски план по дадениот образец за секој проект кој го подготвуваат и/или имплементираат и истиот се финансира со заеми и/или инвестициски грантови од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, а согласно тоа Министерството за финансии во рок од 15 дена по завршување на кварталот да подготви соодветен материјал и да го достави до Владата.

2. Се задолжуваат министерствата, а се укажува на институциите наведени во Заклучокот бр.1 Акцискиот план со статус заклучно со 30 јуни 2021 година да биде доставен до Министерството за финансии најдоцна до 10 јули 2021 година, а согласно тоа Министерството за финансии најдоцна до 15 јули 2021 година да подготви соодветен материјал и да го достави до Владата.

3. Се укажува на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, Јавното сообраќајно претпријатие - Скопје, Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје, Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост-Скопје, Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси- НЕР АД Скопје во државна сопственост, на редовна квартална основа, односно во рок од десет дена од завршување на кварталот да достават до Министерството за финансии податоци за износот на исплатени средства по основ на провизија на неповлечени средства од заемите за проектите (Commitment Fee) по месеци.

4. Се укажува на институциите наведени во Заклучокот бр. 3 податоците за износот на исплатени средства по основ на провизија на неповлечени средства од заемите за проектите (Commitment Fee), по месеци за 2021 година, заклучно со 30 јуни 2021 година, да бидат доставени до Министерството за финансии најдоцна до 10 јули 2021 година.

Истовремено, Владата заклучи:

- Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање – Сектор за води и Сектор за природа за побрзо решавање на мислењата околу изработката на проектните документации за автопатот Кичево – Охрид.

- Се задолжуваат Министерството за култура и АД Водостопанство на Република Северна Македонија за давање на приоритет на издавањето на мислења поврзани со изработка на проектни документации за автопатот Кичево – Охрид.

- Се задолжува Министерството за транспорт и врски до крајот на мај 2021 година да подготви Информација и Акциски план за изградба на автопатска делница Кичево – Охрид и истата да ја достави до Министерството за финансии.

- Се задолжува ЈП за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија до крајот на мај 2021 година да подготви акциски план за реализација на Проектот за ремонт на железничката пруга на Коридорот X - Имплементатор ЈП за железничка инфраструктура, акциски план за реализација на Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII – прва делница (Куманово – Бељаковце) и акциски план за реализација на Проектот „Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце - Крива Паланка - источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2 и истите да ги достави до Министерството за финансии.

- Се задолжува Министерството за здравство да подготви и до 30 мај 2021 година до Министерството за финансии да достави информација за останатите неповлечени средства од заемот (со откажување или неоткажување), со Акциски план за проектот „Реконструкција и доградба на Регионална клиничка болница Штип“.

- Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да подготви и до крајот на јуни 2021 година до Министерството за финансии да достави информација за проектот „Наводнување на јужната долина на реката Вардар“, фаза 2 и акциски план за фаза 3 од Проектот.

По овој повод, Владата заклучи Министерството за финансии до 15 јули 2021 година врз основа на добиените акциски планови да подготват соодветен материјал што ќе се разгледа на тематската седница на Владата која би се одржала до 20 јули 2021 година.

- Се задолжува министерот за финансии во соработка со директорот на Управата за имотно-правни работи да изнајде начин за обезбедување човечки ресурси во Управата за имотно-правни работи со цел ефикасно и навремено извршување на работните задачи поврзани со проектите кои се

финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори и за истото да ги информираат Национални енергетски ресурси АД-Скопје и АД МЕПСО.

- Се препорачува на Град Скопје во соработка со Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави информација со предлог решенија во врска со можностите за поедноставување и забрзување на постапките за експропријација на земјиште, преку соодветни изменувања на Законот за експропријација.

- Се задолжува Министерството за финансии, најдоцна до 21 мај 2021 година, да оствари комуникација со Европската инвестициона банка во врска со проектот -Подобрување на искористувањето на водите од басенот на реката Злетовица - фаза 2 - наводнување и фаза 3 - производство на електрична енергија и тендерска документација за истиот, со цел да се ослободат средствата за да може да се реализира успешно самиот проект.

- Се задолжува Министерството за транспорт и врски да го информира Министерството за финансии за потребата од финансиски средства (166 милиони денари) наменети за Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, за реализација на проектот за изградба на социјални згради.

<u>Точка 3</u>

По оваа точка немаше предлози.

<u>Точка 4</u>

Владата го задолжи Министерството за транспорт и врски, во соработка со Министерството за внатрешни работи и Министерството за финансии до крајот на мај 2021 година да подготви и до Владата да достави информација со проценка на потребните финансиски средства како и нивно надоместување во буџетот на Јавното претпријатие за државни патишта во наредниот период за патните картички за патарина кои треба да ги обезбеди Јавното претпријатие за државни патишта за граѓаните на Република Србија кои со патнички моторни возила ќе транзитираат низ Коридорот X во период од 15.6.2021 година до 15.8.2021 година, како и начинот на кој патните картички за патарина припадниците на Министерството за внатрешни работи ќе ги доделуваат на граѓаните на Република Србија на граничниот премин со Република Србија.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 22:10 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Мухамед Зеќири**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**